ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎+385 1 **48 72 655**, ☎/FAX +385 1 **48 72 655**
Žiro račun 2340009 - 1100038804

Урброј: ЗМ - 42/2003
Загреб, 18.07.2003.

## З А П И С Н И К

од **16-тата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **17.07.2003. г.** со почеток во 13,10 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Пред почетокот на седницата, на членовите на УО им беше поделен потребниот материјал (дописите од Советот за нац. малц. пристигнаа на адреса на Заедницата претходниот ден).
Присутни: Благоја Јовановски, потпретед. на Заедницата, Тања Јовановска, претсед. на друш. од Задар, Анастас Оџаклиески, претсед. на друш. од Загреб, Ратко Димовски по полномоштво на претседателката на МКД К. Рацин од Пула и Анка Рабузин, администр. секретарка на Заедницата.
Одсутни: Илија Христодулов, претседател на Заедницата заради средбата со претседателот на Р. Македонија -Борис Трајковски и Никола Гроздановски, секретар на Заедницата заради предстојот во Р. Македонија.

Седницата ја водеше потпретседателот на Заедницата, Благоја Јовановски.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови на УО за донесување на правно важечки одлуки, потпретседателот го прочита предлогот на дневниот ред и предложи теми за расправа по точка 5. Разно.
По спроведената расправа со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на потпретседателот** и седницата продолжи со работа по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 15-сетата седница.

2. Усвојување на финансискиот извештај на Заедницата за првото полугодие на 2003. год. **(Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku dobivenih sredstava za prvo polugodište 2003. godine).** Извештаите на друштвата ги доставуваат претседателите.

3. Разгледување на пристигнатите дописи од Советот за нац. малцинства и донесување на одлуки во врска со истите.

4. Договор за активностите кои би се одржале до наредната седница на УО.

5. Разно:
   а. одбележување на 40 -годишнината од земјотресот во Скопје,
   б. информација за реализацијата на култ. маниф. ***100 години Илинден***,

ц. донесување на одлука за почеток на работите за печатење на книгата од авторот Ратко Димовски
д. печатење на специјален број на Мак. глас и прослава на 10 -годишното излегување на списанието.

**Ад. 1.** Со јавно гласање членовите на УО **едногласно го усвоија записникот од 15-сетата седница.**

**Ад. 2.** По оваа точка на дневниот ред А. Рабузин, ги извести членовите дека досега до Заедницата извештаите ги доставиле друштвата од Пула, Задар и Сплит. Претходно определениот рок за достава на извештаите (15.07.2003.), членовите на УО со јавно гласање **едногласно го пролонгираа - рок за достава на изв. е 30.07.2003.** Констатирано е дека према дописите од Советот, рокот за достава на извештаите на адреса на Советот е 01.09.2003. год., понатаму дека од страна на Советот се бара извештаите да бидат направени према методологијата и се бараат фотокопии на потребните документи како прилог на извештаите. Исто така членовите на УО се сложија со предлогот на А. Рабузин, да се испрати попратен допис од страна на Заедницата до Советот, со образложение дека оваа година заради добивањето на средствата во вид на аконтација (недефинирани износи на истите према програмите), не сме биле во можност извештаите во потполност да ги направиме према методологијата. По изнесеното образложение од страна на А. Рабузин за извештајот на Заедницата (прилог) и по спроведената расправа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија извештајот на Заедницата** со следниве препоруки:

- да Надзорниот одбор на Заедницата изврши преглед на финанс. документација на Заедницата за првите шест месеци
- да МКД К. Мисирков од Загреб делегира вршител на должноста -член на НО на Заедницата заради тоа што досегашнот член, Анастас Оџаклиески сега е член на УО на Заедницата
- членовите на НО да одредат претседател на тоа тело.

**Ад. 3.** Кратко објаснување за примените дописи од Советот (прилози) изнесе А. Рабузин. Присутните се запознати со информацијата за предвидените средства во оваа година ( вкупно 410.000 кн) према одлуката на Советот за нац. малц. за што истиот бара потпишување на доставениот уговор. Членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука -уговорот да се потпише и достави во предвидениот рок до Советот.**

**Ад. 4. (и Ад. 5. а)** Потпредседателот Б. Јовановски ги информира членовите на УО дека МКД Б. Миладиновци на 26.07.2003. ќе ја одбележи 40-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје. Тој побара, а присутните се сложија да од страна на Заедницата во врска со тоа се испрати допис.
**(и Ад. 5. б)** Новоизбраниот претседател на МКД К. Мисирков од Загреб ги запозна членовите со сите досегашни извршени припреми за прославата на Илинден која ќе се одржи во Самобор на 02.08.2003 со почеток во 9,30 часот. Во богатата културноуметничка програма, нагласи тој, освен членови на Заедн., ќе

учествува и дуетот Селимова - Желчески, Ансамблот Тоска од Штип и музичката група Боеми од Битола, а ќе биде отворена и изложба ***100 години Илинден***.
Претседателката на МКД Биљана од Задар истакна дека членовите од тоа друштво одржале состанок и се сложиле со предлогот да за оваа прослава госпоѓите припремат колачиња. Понатаму, предложи таа, истото да го направат и госпоѓите од другите друштва. Присутните го прифатија овој предлог.
Што се однесува до средставата за таа манифестација членовите на УО се сложија со донесената одлука на претходната седница на УО - сите средства од Советот за таа намена да се задржат на рачунот на Заедницата и со нив да се реализираат сите трошкови. Износот на предвидени средства за тоа од Советот е 50.000 куни.

**Ад. 5. ц.** Г-динот Ратко Димовски ги запозна членовите со досегашите работи околу припремата на книгата ***Калинка-Нар***.За предвидените средства за тој проект стана збор по темата према Ад. 3. Членовите на УО со јавно гласање **донесоа едногласна одлука да се крене во реализација на тој проект.**

**д.** По оваа прашање членовите на УО констатираа дека предвидените средствата (Ад.3.) ќе дозволат печатење на специјален број на М. глас и го потврдија рокот за достава на потребните материјали - 28.08.2003.

**е.** Членовите на УО на оваа седница констатираа дека од страна на друштвата од Задар и Загреб до Заедницата се доставени Решенијата од локална управа и самоуправа (прилог) за новоизбраните претседатели. Со тоа истите (Тања Јовановска и Анастас Оџаклиески) се потврдуваат за членови на УО на Заедницата од спомнатите друштва. Членовите на УО водеа дискусија по прашањето за разрешување на г-динот И. Качуров од функцијата потпретседател на Заедницата и неговите обврски во врска со тоа и дека Заедницата тоа треба да го реализира.
По завршената дискусија, членовите на УО **едногласно донесоа одлука - одлуката од претходната седница на УО за овластување на Н. Гроздановски и И. Качуров за сопотписници во финан. работење на Заедницата: се става ван снага.**
(По истата не е постапено од причина што Н. Гроздановски отпатува и долго предстојува во Македонија).

Седницата заврши во 15,00 часот.
Потоа членовите на УО присуствуваа на средбата со претседателот на Р. Македонија, Борис Трајковски.

Записничарка:
Анка Рабузин

Потпредседател:

Благоја Јовановски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ